# *СТУДЕНТСКА ИЗЛОЖБА 15 ГОДИНИ УГД – ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА – КЛАСИЧНО СЛИКАРСТВО, 21.03.2022 год.*

*Јордан Ефремов*



Студентите од ликовната академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ денеска ги изложија своите слики и скулптури во Уметничката галерија Безистен во Штип.



„Изложени се дела на студентите на ликовната акдемија од студиската програма по Класично сликарство и вајарство. Поводот е 15 години од формирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ и 10 години од формирање на катедрата по Класично сликарство“, изјави деканката на Ликовната академија проф. Д-р Катарина Деспот.



Професорката Јана Јакимовска изјави дека станува збор за студентски дела кои се собрани во изминатите 10 години и се дела со кои академијата се гордее.













